Врз основа на член 65, став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт, на ден 19.08.2026 година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиска инфраструктура – обиколница на село Свиларе – дел од државниот пат Р2234, делница "Кондово – Радуша - Јегуновце" – Општина Сарај**, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт, www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиска инфраструктура – обиколница на село Свиларе – дел од државниот пат Р2234, делница "Кондово – Радуша - Јегуновце" во Општина Сарај, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздух, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, подобрување на услугите во производство и снабдување преку подобрен транспорт, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 67-4545/3
Датум: 19. 08. 2026
Место: Скопје

Министер
Александар Николоски